Јованка КЕПЕСКА

# МАРКСОВАТА АНАЛИЗА НА ПРОИЗВОДНИТЕ СИЛИ НА КАПИТАЛОТ И НИВНИТЕ СОЦИЈАЛНИ ИМПЛИКАЦИИ[1]

## 1. Општествениот карактер на капиталистичките производни сили на трудот

Марксовиот најопшт став за производните сили се состои во тоа што нив ги сфаќа како сили што го произведуваат животот. Производството на животот е природен и општествен процес на развивање на творечките предиспозиции кај луѓето, а тоа значи дека развитокот на производните сили на трудот е еднаков со процесот на остварувањето на човечкиот универзален однос кон светот, на човековото слободно (творечко), општествено производство. Човекот слободно произведува кога ги надминува физичките потреби и ги активира сите свои сили што постојат кај него како индивидуа.

Сферата на нужниот труд, при тоа, како претпоставка на слободната, творечката сфера, постои како временски издвоена сфера воопшто а и во животот на секоја индивидуа. Имено, за човекот да ги задоволи своите основни егзистенцијални потреби во сите општествени форми и во сите начини на производство мора да го извршува нужното материјално производство. Слободата во нужната сфера се состои само во тоа здружените производители рационално да го уредат својот промет на материја со природата, да го доведат под своја зедничка контрола, и, исто така, да го вршат со најмал потрошок на работна сила и под услови што се најдостојни и најадекватни на нивната човечка природа.[2]

За зголемување на „царството на слободата" „скратувањето на работниот ден е основен услов".[3]

Во досегашниот историски развиток на класните односи на општеството човекот е отуѓен, бидејќи не може да ги оствари своите битни човечки особини, да ги развие своите човечки предиспозиции. Драсти-

[1] Трудот претставува фрагмент од докторската дисертација „Современиот развиток на производните сили" во нешто заокружен вид.

[2] К. Маркс, „Капитал III", „Просвета": 1948, Бгд. стр. 756.

[3] Истото, стр, 756.

чен облик на отуѓување човекот доживува во капиталистичкиот начин на производство, бидејќи човековата дејност станува „губиток на самиот него".[4]

Човековиот однос спрема природата битно е, значи, определен со трудот и воопшто со практиката. За да изврши некоја работа. присвојување на природни сили како и на сопствената природа, како движечки сили, покрај својата физичка и интелектуална енергија, човекот користи средства за производство и други чинители на трудот. Сите движечки сили или чинители на трудот кои човекот ги употребува при добивањето на употребни вредности, ја чинат производствената сила на трудот.

Затоа производствените сили не се нешто што е фиксно дадено. Напротив, производствените сили се развиваат и по обем и по квалитет.

Во „Капиталот" Маркс навистина вели дека „едноставни моменти на работниот процес се целесообразната дејност или самиот труд, неговиот предмет и неговите средства,"[5] па од тоа, се чини, можела да се изведе дефиницијата на производствените сили како движечки сили на производството, човекот и средствата за производство,[6] меѓутоа, тоа би биле едноставни елементи на производствените сили на работниот процес набљудуван „независно од секоја општествена форма".[7]

Маркс, самиот, не упатува на тоа дека „определувањата што важат за производството воопшто, токму мораат да се издвојат, заради единството да не се заборави битната различност."[8]

Затоа „кога станува збор за производството, секогаш станува збор за некој определен степен на општествениот развиток — за производството на општествените индивидуи."[9]

На развитокот на производствените сили на капиталистичкото општество Маркс и Енгелс укажуваат во рамките на капиталистичкиот начин на производство (со определени дигресии во анализата на поранешниот и претпоставки на можниот развиток на производните сили).

Според таа анализа капиталот може да го достигне следниот развиток на производните сили.

### 1.1. Капиталистичкиот начин на производство

Начинот на производство на капиталот е двоен. Од една страна тоа е мануфактурата, а од друга, крупната индустрија. Разликата помеѓу мануфактурата и крупната индустрија е дадена од аспектот на општествениот карактер на производните сили.

---

[4] К. Маркс, „Економско-филозофски ракописи од 1844", „Рани трудови", „Напријед — Слобода", без год., стр. 249.

[5] К. Маркс, „Капитал I", стр. 128.

[6] Оттаму и политекономските дефиниции на производните сили се сведуваат на човекот со производствените искуства и работните навики и орадијата за производство — Д-р М. Церовац, „Политичка економија", стр. 13 и други.

[7] К. Маркс, „Капитал I", стр. 128.

[8] К. Маркс, „Темељи слободе", стр. 9—10.

[9] Истото, стр. 9.

Така, се укажува дека во мануфактурата преовладува поделбата на трудот, а во крупната индустрија превагнува комбинацијата на работни сили и примената на науката. Во крупната индустрија „комбинирањето и така да се каже заедничкиот дух на трудот се преместени во машината, итн."[10]

Во мануфактурата, иако е својствена поделбата на трудот, таа, сепак претпоставува собирање на бројни работници под една команда, а некои индустриски гранки што се развиени во неа од самиот почеток ја претпоставуваат кооперацијата на пример, (рударството). Најкарактеристично за мануфактурата е тоа што масата на акумулираните работници е голема во однос на количината на капиталот, а кооперацијата се врши како присилна работа (кулук или робовска работа) под команда на надзорникот.

Во подоцнежните облици на начинот на производство, капиталот не создава туку презема ваква акумулација и концентрација на работници[11]. Првиот услов да се оспособи капиталистички начин на производство е парите, како капитал, да се разменат за слободен труд. Вториот услов е да се укине самостојната расцепканост на тоа мноштво од работници.

Така капиталот не се појавува како општествена колективна сила само во доменот на размената туку, создавајќи во себе соодветен начин на производство ги обединува работниците во производството. Обединувањето, најпрвин ќе постои само во заедничкото место, под надзорници, единствена управа, поголема дициплина, непрекинатост во работата, како и во поставената зависност на капиталот во самото производство. „Сега капиталот се појавува како колективна сила на работници, нивна општествена сила, како единство што ги поврзува, па според тоа, ја создава таа сила".[12]

Кога се претпоставува дека мануфактурата е наедно настанување на капиталистичкиот начин на производство, се претпоставува, сепак, дека уште не егзистира производната сила на трудот која капиталот допрва треба да ја предизвика. „Потребниот труд во мануфактурата одзема уште многу голем дел од целото расположливо работно време, тоа значи, дека вишокот на труд во одделен работник е уште релативно мал".[13] Капиталот, спротивно на тоа, од самиот почеток не произведува за употребната вредност, за непосредното издржување, туку заради вишокот на труд кој би ја зголемил акумулацијата. Вишокот на труд мора од самиот почеток да биде доволно голем за да може еден негов дел одново да се употреби како капитал.

---

[10] Истото, стр. 252.

[11] „Наједноставен и од поделбата на трудот најнезависен облик е капиталот да вработи различни рачни ткалци, предачи итн. кои живеат самостојно и распрснато. (Тој облик сè уште постои покрај индустријата). Овде, значи самиот начин на производство сè уште не е определен со капиталот, туку капиталот го затекнал". — Исто, стр. 251.

[12] Истото, стр. 252.

[13] Истото, стр. 253.

Производството со помош на капитал почнува на оној степен на кој определена маса од општественото богатство објективно веќе концентрирана во едни раце, најпрвин како размена со многу работници, а подоцна како производство со многу работници, се појавува како колективна, како општествена сила и укинување на расцепканоста. Услов за тоа е слободниот труд, поправо одвојувањето на поединецот од условите за производство. Со капиталот здружувањето на работниции не е изнудено со директна физичка сила, туку со објективно здружување на условите за производство — со „кумулација и концентрација на условите за производство".[14]

При тоа, целото историско напредување, знаењето и искуството (историскиот развој, уметноста, науката итн.) капиталот ги вклучил во службата за создавање на богатство.

## 1.2. Слободниот работник како паупер

Веќе во самиот поим слободен работник е содржано дека е тој паупер. Пред сé, затоа што според своите економски услови работникот е само жива работна сила. За да ги задоволи своите животни потреби тој може единствено да ја разменува својата работна сила за дел од капиталот. „Самата таа размена е врзана за услови кои за него се случајни, во однос на неговото органско бивствување, индиферентни."[15]

„Како што, понатаму, е условот за производство заснован на капитал, работникот да произведува што повеќе вишок на труд, изгледите за неговиот пауперизам се зголемуваат. На развојот на вишокот на труд му одговара развојот на вишокот на населението."[16] Вишокот на населението е идентичен со пауперзизмот.

Имено, развојот на производните сили, што нужно го поставува капиталот, се состои во зголемувањето на соодносот на вишокот на труд спрема потребниот труд или во смалувањето на оној дел од потребниот труд кој бара некое количество вишок на труд. Нужно мора непрестајно да се смалува обемот од капиталот на употребениот потребен труд, т.е. дел од работната сила мора да станува одвишен, бидејќи еден нејзин дел е доволен да го изврши она количество од вишок на труд за кое порано било потребно целото нејзино количество. Релативното опаѓање на потребниот труд се појавува како пораст на релативно одвишната работна сила, вишокот на населението.

Тоа значи дека во начинот на производството кој е занован на капитал се појавува пауперизам како резултат на самиот труд, на развојот на производната сила на трудот.

Маркс извлекува од тоа заклучок, дека како што бил случај кај сите поранешни облици на производството, развојот на производните сили не е база за присвојување, туку определен однос спрема усло-

---

[14] Истото, стр. 256.
[15] Истото, стр. 257.
[16] Истото, стр. 257.

вите на производство (формите на сопсвеност, присвојувањето) се појавуваат однапред како определување на прозоводните сили кое треба само да се репродуцира. Па и развојот на населението, во кој се резимира развојот на сите производни сили бидејќи во сè поголема мерка наидува на надворешни граници се појавува како нешто што треба да се ограничи. Условите на заедницата во такви случаи се спојливи со определениот број на населението.

## 1.3. Слободна конкуренција на граѓанското општество

Со слободната конкуренција, која значела распаѓање на еснафската стега, на управните мерки, внатрешните царини и слично и на светскиот пазар укинувањето на изолацијата, на прохибицијата и протекцијата, се укинуваат границите на начинот на производство кои му претходат на капиталот. Капиталот при тоа останал ограничен само сам со себе, само со своите внатрешни закони кои дури сега се поставуваат како закони. Производството кое е засновано на капитал се поставува во своите адекватни форми само дотолку и во онаа мерка, во која се развива слободна конкуренција. „Заемната принуда која во неа ја вршат капиталите еден со друг, на трудот итн. (конкуренција на работниците помеѓу себе само е друг облик на конкуренција на капиталите) — е слободен и наедно реален развој на богатството како капитал".[17]

Што повеќе е развиена слободната конкуренција, тоа сè почисто се манифестирани облиците на движењето на капиталот, вели Маркс.[18] Затоа е безмислица, да ги парафразираме и понатаму Марксовите мисли да се смета слободната конкуренција како највисок развој на човечката слобода, а негацијата на слободната конкуренција да се изедначува со негацијата на индивидуалната слобода и на индивидуалната слобода заснованото општествено производство. Таков слободен развиток всушност е заснован на ограничена основа, на основа на господството на капиталот.

Да ја подвлечеме и последната Марксова мисла од одделот „За слободната конкуренција" каде што Маркс вели дека, кога илузијата за слободната конкуренција како апсолутен облик на слободната индивидуалност ќе се разбере, тогаш токму ќе се разбере дека производството, засновано на капитал, всушност е пречка за слободниот развиток на индивидуалноста.[19]

---

[17] Истото, стр. 272.

[18] Истото, стр. 278.

[19] „Тврдењето дека слободната конкуренција — е последен облик на развитокот на производствените сили и, значи, на човечката слобода — значи само тоа дека господството од средната класа е крај на светската историја, — секако е угодна мисла за дошлаците од завчера". — Истото, стр. 279.

## 1.4. Растворување на сите производи и дејности во разменски вредности

1.4.1. Појавата на растворувањето на производите и дејностите во разменски вредности е нешто општо во начинот на производството на капиталот со што секоја индивидулност, посебност, е негирана и задушена· Моќта која ја има индивидуата над дејноста на другите или над општествените богатства произлегува од сопственоста на разменски вредности, од парите.

Општествениот карактер на дејноста, како и општествениот облик на производот и учеството на индивидуата во производството се појавуваат како за нив нешто туѓо и како потчинување на односите кои постојат независно од нив. „А настануваат од меѓусебните судрувања на рамнодушните индивидуи."[20]

Сепак, Маркс укажува на предноста што треба да ѝ се даде на оваа фактичка поврзаност на индивидуите пред неповрзаноста или само со локална поврзаност која е заснована на природата на крвното сродство и на односите на господсво и подложност. Меѓутоа, јасно е дека, индивидуите не можат на себе си да ги потчинат своите сопствени општествени врски пред да ги создадат и тоа како нивен производ, производ на нивниот развиток — на историјата. Отуѓеноста и самостојноста во кои поврзаноста сѐ уште езгистира спрема индивидуите докажуваат само дека тие сѐ уште се во создавање на услови на својот општествен живот „наместо да го започнале од тие услови". Затоа. поврзаноста на индивидуите во капиталот „е самоникната поврзаност на индивидуите во определените ограничени односи на производството".[21]

Определеноста на индивидуата што во неразвиениот систем на размена се појавува како лично ограничување на една индивидуа од страна на друга, подоцна, во паричниот однос, во развиениот систем на размена, се појавува изградена како ограничување на индивидуата со односите кои се независни од неа и почиваат на самите себе.

1.4.2. Елементарна претпоставка на граѓанското општество е разменската вредност која трудот ја произведува непосредно, што е претставена со пари. Преку парите се обезедува работна сила. „Наемниот труд на една страна, капиталот на друга — тоа се, значи, само други облици на развиената разменска вредност и на парите како нејзина инкарнација."[22]

Парите можат да егзистираат сам во такво производство каде што егзистира наемниот труд. Тој се појавува како услов за развојот на определениот облик на општеството и услов за развој на сите производни сили, и на материјалните и на духовните.

1.4.3. Содржината на размената која стои надвор од нејзиното економско определување и претставува, исто така. поставување и потврдување на разменските вредности во: 1. природната посебност на

---

[20] Истото, стр. 54.
[21] Истото, стр. 59.
[22] Истото стр. 71.

стоката што се разменува, 2. посебната природна потреба на разменувачите што сето заедно претставува различна употребна вредност на стоките што се рзменуваат. Таквата содржина на размената ја прави природната различност на индивидуите темел на нивната општествена еднаквост. Природната различност на индивидуите и на нивните стоки се мотив за интегрирање на индивидуите за нивното општествено поларизирање како разменувачи во кои тие се претставени како меѓусебно еднакви и слободни. Правниот момент на личноста и моментот на слободата се битни определувања на индивидуите што се исклажуваат во тоа дека една индивидуа не присвојува со сила сопственост на друга.

1.4.4. Ексномскиот однос на капиталот ќе биде развиен до крај што повеќе трудот губи секаков карактер на уметност а неговата посебна умешност станува нешто апстрактно, индиферентно, формална дејност воопшто која е рамнодушна спрема обликот. Тој однос на производство станува вистински со „развитокот на посебниот материјален начин на производството и на посебниот степен на развитокот на индустриските производни сили“.[23]

Трудот како употребна вредност постои само за капиталот и ја претставува неговата употребна вредност т.е. посредува дејност со која капиталот се оплодува. Заради тоа не постои за работниците како употребна вредност; тој не постои за него како производна сила на богатството, како средство или како дејност за збогатување... Капиталот во размената добива работна сила од работникот како од напред определена разменска вредност, како жив труд кој е општа производна сила на богатството, дејност која го зголемува богатството. Работникот мора да осиромаши, бидејќи творечката сила на неговиот труд е етаблирана наспротив него како сила на капиталот како туѓа моќ.

„Заради тоа целиот напредок на цивилизацијата или, со други зборови, сето зголемување на општествените производни сили ако сакате, на производните сили на самиот труд (што резултираат од науката, пронаоѓаштвата, поделбата и организацијата на трудот, подобрените сообраќајни средства, создавањето на светскиот пазар, машинериите итн.), не го збогатува работникот туку капиталот, значи, пак ја зголемува само моќта која господари со трудот, ја зголемува само производната сила на капиталот. Бидејќи капиталот е спротивност на работникот, тој напредок на цивилизацијата ја зголемува само објективната моќ над трудот.“[24] Богатството како капитал е богатсво како однос на господството.

Капиталот има тенденција, исто така, човечкиот труд да го направи (релативно) одвишен, како што истовремено би го зголемил неизмерно. Попаво, за да се создаде вишок на труд, капиталот мора постојано да го движи (зголемува) трудот на истовремените работни дни при што мора трудот да го укинува како потребен за да може да

[23] Истото, стр. 116.
[24] Истото, стр. 128.

го постави како вишок на труд. Всушност производството на работникот станува поевтино, бидејќи се смалува времено кое е потрбно за прозводство на живата работна сила.

Исто така е и со производната сила на трудст. Тенденцијата на капиталот е нужно до крајност да ја зголеми, за да го зголеми релативниот вишок на времто. Сепак, релативниот вишок на ведноста расте во многу помала мерка отколку што расте производната сила, но затоа расте масата на производите како и барањата за потрошувачка. Спротивно на тоа, кога не би растела масата на производи, би бил ослободен нов капитал, како и труд. кои не би влегле во прометот. Бидејќи растат барањата за потрошувачка, настанува тешкотија да се оплоди работното време што е содржано во масата на производите која постојано расте. Така „во истиот момент капиталот ги поставува вредностите кои веќе се наоѓаат во промет, ... како граница, нужна граница за своето создавање на вредност, а од друга страна тој ја поставува својата продуктивност како единствена граница и како творец на вредноста."[25]

Во процесот на производството на капиталот, трудот е тоталитет — комбинација на трудовите чии одделни делови меѓусебно се. туѓи, така што вкупниот труд е заедничко дело на различните работници. Но комбинираниот труд ѝ служи на туѓата воља и на туѓата интелигенција што значи своето душевно единство го има надвор од себе а во своето материјално единство е потчинет на „предметното единство на машинеријата оној основен капитал кој како одуховено чудовиште ја објективира научната мисла и фактичко сѐ обединува, а никако спрема одделниот работник не се однесува како орудие, туку работникот, напротив егзистира покрај него како одуховена поединечна пунктуалност, како изолиран додаток."[26]

Капиталот значи. во својот вистински развиток го комбинира масовниот труд со умешноста, но така што првиот ја губи својата физичка сила, а умешноста не егзистира во работникот. туку во машината и во фабриката која со научно комбинирање со машината делува како целина.

## 2. *Воведување на науката во производството*

### 2.1. Три елементи на капиталот

Капиталот во својот материјален состав се расчленува на три елементи: материјал на трудот, средства за труд и жив труд. Нивното подвижно единство е процесот на трудот, а она што мирува производот. Употребната вредност на капиталот е определена „токму со тие елементи. во кои се појавува тој пред размената за работна сила пред

---

[25] Истото, ст. 157.

[26] Истото, стр. 181.

вистинскиот процес, само како квантитативно различни делови од него самиот, како количества на вредности, чие единство го сочинува самиот тој како збир. Материјалниот облик, употребната вредност, во кој егзистирале тие различни делови, не изменил ништо од истоветноста на ова определување. Според определувањето на обликот тие се појавиле само така што капиталот квантитативно се расчлениле на делови."[27]

Во работниот процес елементите на капиталот, од една страна, трудот, а од друга, материјалот на трудот и средството на трудот, од аспектот на обликот на капиталот се разликуваат како капитал во оптек, (во кој спаѓаат сировината), и (средството на трудот) како фиксен капитал. Оваа разлика на елементите како употребни вредности е поставена, истовремено како разлика на капиталите. „Взаемниот однос на факторите кој бил само квантитативен сега се појавува како квалитативна разлика само на капиталот и како однос кој го определува неговото вкупно движење."[28] Материјалот на трудот и производот на трудот, веќе определени како суровина и производ, се употребна вредност на самиот капитал во различни фази.

## 2.2. Средството за труд како машинерија

„Сé додека средството за труд ќе остане како средство за труд, во вистинската смисла на зборот онака како што непосредно, историски го презел капиталот во својот процес на оплодување, тоа претрпува само формална промена со тоа што сега се појавува не само како средство на трудот по својата материјална страна, туку наедно и како во вкупниот процес на капиталот определен посебен начин за неговото постоњее како capital fixe".[29]

Средството за труд е различно во различни фази од процесот на производството на капиталот од кои автоматскиот систем на машинеријата е најсовршениот негов облик.

Автоматскиот систем на машинеријата е ставен во движење „со автоматот, со движечката сила која самата од себе се движи. Бидејќи тој автомат се состои од многубројни механички интелектуални органи, самите работници се определени како негови свесни членови."[30]

Машината (машинеријата) како автоматски систем, како средство за труд се преобразени во адекватен облик што го поставил самиот капитал и кој му одговара нему.

Машината не се појавува како средство за труд на одделен работник. „не како кај алатот на кој работникот како на свој орган со својата сопствена умешност и дејност му вдахнува душа и чие ракување поради тоа зависи од неговата виртуозност. Напротив машината која

---

[27] Истото, стр. 281.
[28] Истото, стр. 282.
[29] Истото, стр. 282.
[30] Истото, стр. 282.

наместо работникот поседува умешност и сила, самата е виртуоз кој поседува сопствена душа во механичките закони кои во неа дејствуаат и кои во своето непрекинато самодвижење, како работникот намирници, троши јаглен, масло итн. (matiéres instrumentales). Дејноста на работникот, ограничена на полна апстракција на дејноста, сестрано се определува и се регулира со движењето на машинеријата а не обратно. Науката која мртвите членови на машинеријата ги присилува со својата конструкција да дејствуваат целесообразно како автомат, не егзистира во свеста на работникот, туку дејствува на него преку машината како туѓа моќ, како моќ на самата машина.“[31] Трудот на многу точки се појавува како свесен орган на механичкиот ситем, при што, како што рековме, не постои единство во живите работници, туку во активната машинерија која спрема поединечното, безначајното дејствување се појавува како моќ која господари со него.

Претворањето на средствата за труд во машинерија како тенденција на капиталот е резултат од зголеменувањето на производната сила на трудот и максимална негација на потребниот труд. Со тоа не е негиран односот на капиталот како вредност, како однос на употребната вредност на капиталот спрема употребната вредност на работната сила.

Оплодувачката сила на пооделната работна сила во однос на опредметената вредност во машинеријата е нешто бесконечно мало. Со масовното производство кое е остварено со машинеријата во производот исчезнува секоја врска со непосредната употребна вредност. Со оглед на условите во кои се произведува производот, тој може да биде само носител на вредноста, при што употребната вредност е само услов за тоа.

Машинеријата се појавува како најадекватен облик на основниот капитал, а основниот капитал како најадекватен облик на капиталот воопшто.

„Доколку, понатаму, машинеријата се развива со акумулирање на општествената наука, производните сили воопшто, општиот општествен труд не се претставува повеќе во трудот, туку во капиталот. Производната сила на општестовото се мери со основниот капитал, егзистира во него во опредметен облик и обратно производната сила на капиталот се развива со тој општ напредок што бесплатно го присвујува капиталот“.[32]

Машинеријата како основен капитал го губи својот непосреден облик и спрема работникот истапува како капитал. Капиталот поправо и потполно се развива кога основниот капитал во процесот на производството настапува спрема трудот како машина, „а целиот процес на производтвото не како потчинет на непосредната умешност на работникот, туку како технолошка примена на науката. Затоа тенденција јата на капиталот е да му даде на производството научен карктер, а непосредниот труд да го снижи до голиот момент на производството.“[33]

---

[31] Истото, стр. 283.
[32] Истото, стр. 285.
[33] Истото, стр. 286.

Основниот капитал ја зголемува вредноста на производот оспособувајќи го трудот со зголемувањето на својата производна сила да создава за пократко време поголема маса производи потребни за издржувањето на живатата работна сила.

Самата машинерија, пак, претпоставува, од друга страна, одвишна работна сила. Машинеријата се јавува таму каде што постои изобилна работна сила, не да ја надомести недостатната работна сила, туку онаа масовно постојната да ја редуцира на нејзината нужна мерка.

Бидејќи капиталот што е во оптек минува низ различни фази, полесното или понапорното надминување на различните стадиуми на прометот предизвикува смалување на вишокот на вредноста кој би можел да се создаде во дадениот период без прекин. А „вредноста на постојаниот капитал се репродуцира само дотолку доколку се троши во процесот на производството. Со искористувањето тој ја губи својата употребна вредност, неговата вредност не преминува на производот. Поради тоа, што во поголема мера се развива, постојаниот капитал во онаа смисла во која овде го разгледуваме, или непрекинатиот тек на репродукцијата станува надворешен присилен услов за начинот на производство кој е заснован на капиталот.“[34]

### 3. *Тенденциите на универзалниот развиток на производните сили*

#### 3.1. Работното време престанува да биде мерка за богатството

3.1.1. Според Маркс размената на живиот труд за опредметен, како начин за поставување на општествениот труд, е последниот степен на развитокот на односите на вредноста и произовството коешто почива на вредности. Претпоставката за такво производство е и останува масата на непосредното работно време, односно количеството на употребен труд, како одлучувачки фактор за произиводството на богатство.

Со развитокот на крупната индустрија, меѓутоа, создавањето на вистинско богатство станува зависно помалку од работното време и од количеството на применетиот труд, а повеќе од моќта на агенсите што во текот на работното време се ставаат во движење и кои сами, „односно чија powerful effectiviness од своја страна, не стои во никаков однос спрема непосредното работно време што е потребно за нивното производство, туку, напротив, зависи од општата состојба на науката и на напредокот на технологијата или примената на науката во производство.“[35] Науката и самата се развива сразмерно со развитокот на материјалното производство. Крупната индустрија овозможува мноштво производи за несразмерно употребено работно време, а при

---

[34] Истото, стр. 291.

[35] Истото, стр. 292.

тоа. го менува квалитативно трудот во апстракција во однос на процесот на производството над кое стражари. Тоа значи дека трудот повеќе не е толку вклучен во процесот на производството и дека човекот спрема процесот на производството се однесува како чувар и регулатор. „Тој стапува покрај процесот на производството, наместо да биде негов главен агент."[36]

Во тоа преобразување, како камен темелник на производството и богатството, на човекот му се појавува „присвојувањето на неговата сопствена општа производна сила, неговото познавање на природата и озладувањето со неа по пат на неговотопостоење како општествен организам — развиток на општествениот индивидуум. Кражбата на туѓото работно време, на што се заснова сегашното богатство, изгледа бедна основа спрема новоразвиената која ја создала самата крупна индустрија. Штом трудот во непосреден облик престанал да биде голем извор на богатство работното време престанува и мора да престане да биде голем извор на богатство; работното време престанува и мора да престане да биде негова мерка, а поради тоа и разменската вредност — мерка на употребната вредност. *Вишокот на трудот на масата* престанал да биде услов за развитокот на општото богатство, поправо како и *неработноста на малобројните* за развитокот на општите моќи на човечкиот мозок. Со тоа се руши производството кое почива на разменската вредност и самиот непосреден — материјален продукт на производството добива облик што се ослободил од немаштија и спротивност. Слободниот развиток на индивидуалноста, и поради то не редуцирањето на потребното работно време за да се создаде вишок на труд, туку воопшто редукција на потребниот труд на општеството на минимум, на што тогаш одговара уметничкото, научното итн. развивање на индивидуите, благодарение на за сите нив ослободеното време и создадените средства."[37]

3.1.2. Капиталот самиот е противречен, бидејќи „од една страна, значи, тој ги оживува сите сили на науката и природата, како и општественото групирање и општественото однесување за создавањето на богатството да го направи употребливо за тоа создавање. Од друга страна, тој сака тие така создадени огромни општествени сили да ги мери со работното време и да ги натера во границите кои се бараат за веќе создадената вредност да се одржи како вредност".[38]

Производните сили и општествените односи како различни страни на развитокот на општествениот индивидуум на капиталот му се само средство за да произведи од својата ограничена основа. Но тие се фактички услови за надминување на ограничената основа на капиталот.[39] тоа произлегува од тоа што произведните сили се орган на човековиот мозок. создадени со човековата рака, „опредметената сила

---

[36] Истото, стр. 293.
[37] Истото, стр. 293—294.
[38] Истото, стр. 294.
[39] „Или in fact тие се материјални услови за нејзиното (основата на капиталот — прим . Ј. К.) дигање во воздух" — Истото, стр. 294.

на знаењето".[40] „Развитокот на постојаниот капитал покажува во која мерка се наоѓа општото општесвено знаење knowledge, колку станало *непосредна производна сила* и во која мерка поради тоа и условите на самиот животен процес на општеството дошле под контрола на општиот труд и се преобразени во согласност со него, во која мерка се произведени општествените производни сили не само во облик на знаење туку и како непосредни органи на општествената практика на реалниот животен процес."[41]

Производството на основен капитал (на што е насочен само еден дел од производството) не претставува производство заради потрошувачката или разменската вредност што можат непосредно да се реализираат. Од постигнатата продуктивност, релативната изобилност, како и од вишокот на населението зависи дали еден сé поголем дел од времето за производство ќе се употребува за производството на средства за производство односно за труд што не е произведен непосредно.

Во капиталистичките општествени односи колку помалку основниот капитал донесува непосредни плодови, колку помалку навлегува во непосредниот процес на производството толку е поголем вишокот на населението и вишокот на производството.

Затоа создавањето на голема количина на слободно време за општеството и за поединците врз основа на капиталот како и на сите поранешни степени се покажува како слободно време за некои. Капиталот пак со сите средства на уметноста и на науката го зголемува вишокот на работното време на масите. Така негова тенденција е. од една страна да создава слободно време, а до друга, да го претвора во вишок на труд. Тоа значи, во истовреме дека создава претпоставки за општествено слободно време, работното време на целото општетво да се сведе на минимум, да се ослободи време за развиток на сите.

3.1.3. Меѓутоа, во колку оваа тенденција се афирмира сé повеќе, во толку сé повеќе се создава вишок на производство и „тогаш потребниот труд се прекинува, бидејќи капиталот не може да оплоди никаков вишок на труд."[42]

Колку повеќе се развива таа противречност, толку повеќе се покажува дека порастот на производните сили не може повеќе да се врзи за присвојувањето на туѓиот вишок на труд, туку дека самата работна маса мора да го присвои својот вишок на труд.

Доколку тоа таа го учини па со тоа слободното време ја изгуби антагонистичката егзистенција, тогаш потребното работно време ќе добие своја мерка во потребите на општествениот индивидуум, развојот на општествените производни сили ќе расте толку брзо, така што, иако тогаш производството ќе биде срачунато на богатството на сите, ќе расте и слободното време за сите, „бидејќи вистинско богатство е развиена производна сила на сите индивидуи. Мерката на богатството

---

[40] Истото, стр. 295.
[41] Истото, стр. 295.
[42] Истото, стр. 297.

тогаш повеќе во никој случај нема да биде работното време туку слободното време. *Работното време како мерка на богатство* претпоставува дека самото богатство е засновано на сиромаштво и дека слободното време *егзистира во спротивности и благодарејќи на спротивноста спрема вишокот на работното време*. Тоа, со други зборои значи поставување на целото време на индивидуата како работно време заради тоа деградација на индивидуата на гол работник, негово потчинување на работата. Затоа сега најразвиената машинерија го присилува работникот да работи подолго отколку дивјак или подолго отколку што и самиот работел со наједноставните и најгруби орадија".[43]

Со развитокот на индустријата создавањето на богатството престанува да биде засновано на присвојување на туѓото работно време, но и непосредниот труд престанува да биде база на производството, бидејќи, како што веќе рековме, се менува повеќе во надзорна и регулативна дејност а, исто така, и во комбинирана општествена дејност (бидејќи производот престанува да биде производ на поединечениот непосреден труд)· „Кога е развиена поделбата на трудот, речиси секој труд на поодделниот индивидуум е дел на некоја целина и *нема никаква вредност ниту корисност сам по себе*. Нема ништо за што работникот би можел да посегне и да каже ова е мој производ, ова ќе го задржам за себе."[44]

„. . . Во процесот на производството на големата индустрија, при што, од една страна, потчинувањето на природните сили со општествениот труд претставува претпоставка на призводните сили, средства за труд на развиениот автоматски процес, *така што од друга страна трудот на поединецот во непосредното постоење сега е поставен како укинат поединечен труд, т.е. како општествен труд*. Така отпаѓа и втората база на овој начин на производство."[45]

Во онаа пак мерка во која производството за задоволување на непосредната потреба е попродуктивно, поголем дел од производството може да биде насочен на призводството на средства за производство. Доколку производството на основен капитал е насочено на производство на средства за создавање на вредности „капиталот во производството на *основен капитал е во повисок степен отколку во производството на капиталот во оптек што се поставува и како самоцел* и се покажува ефикасен како капитал. Од таа страна затоа и димензијата која основниот капитал веќе ја има и која неговото производство ја зазема во вкупното производство е *мерило на развитокот* на богатството засновано на капиталистички начин на производство."[46]

---

[43] Истото, стр. 297.
[44] Истото, стр. 298.
[45] Истото, стр. 298.
[46] Истото, стр. 299.

### 3.2. Вистинска економија на времето

Каква врска постои помеѓу економијата на времето и развитокот на производните сили?

„Вистинската економија — заштеда — се состои во заштедата во работното време (во минимум, и во редукцијата на минимумот во трошоците за производството); но таа заштеда е идентична со токот на производната сила. Значи. никако не е *откажување од уживањето*. туку развивање на power* на способноста за производство и поради тоа развивањето како на способните, така и на средствата за уживање. Способноста за уживање е услов за уживањето, значи негово прво средство, и таа способност е развивање на една индивидуална предиспизиција, производна сила.

Заштедата на работното време е еднаква со зголемувањето на слободното време, т.е. времето за полн развиток на индивидуумот, развиток кој од своја страна делува повратно на производсната сила на трудот како најголема производна сила. Од становиштето на непосредниот процес на производството тој развиток може да се земе како производство на capital fix-a,** capital fixe being man himself***[47].

Непосредното работно време не може да остане во апстрактна спротивност спрема слободното време. „Слободното време — коешто е слободно време, незафатеност и време за повисока дејност го претворило својот сопственик природно во еден друг субјект и како друг субјект тој влегува и во непосредниот процес на производството. Тој процес во исто време е дисциплина, во однос на човекот којшто настанува, и во чија глава егзистира акумулирано знаење на општеството. За двата, доколку трудот е практична употреба на рацете и слободно движење. како во земјоделството, тоа е во исто време и телесна вежба".[48]

Оттаму ситемот на граѓанската економија сам доведува до самонегација „којашто е нејзин последен резултат".[49]

### 4. *Заклучок*

Од претходната анализа на развојот на производсите сили на капиталот а во определениот начин на производство можеме да извлечеме заклучок дека развојот на сопствените спротивности капитализмот го доведуваат во прашање како општествен однос. А тоа се следните противречности:

— дека. иако е заснован на драстична поделба на трудот на физички и интелектуален, „во капитализмот, природата на крупната индус трија повлекува со себе мешање на трудот, нестабилност на функциите, сестрана подвижност на работниците",[50] навистина најпрво за промен-

---

[47] Истото, стр. 301.

* сили; **) сталeн капитал; ***) при што тој постојанен капитал е самиот човек.

[48] Истото, стр. 301—302.

[49] Истото, стр. 302.

[50] К. Маркс, „Капитал I," „Култура", „Просвета", 1947. стр. 398.

ливите барања на експлоатацијата која ја врши, а потоа и за променливите барања на трудот индивидуата сестрано се развила за различните општествени функции како „начини на дејности што наизменично ги врши".[51] На овој начин барањето за укинување на поделбата на трудот е противречност и револуционерен фермент во капиталистичката форма на производство;

— со самата логика на создавање на вредности капиталистичкиот начин на производство ширејќи ја потрошувачката, ги развива потребите на луѓето со откривање и создавање на нови употребни вредности, иако при тоа, расподелбата на производите и понатаму се врши со приватно присвојување;

— понатаму противречност се јавува заради усовршување на средствата за труд во облик на машински систем, раководен на автоматски начин, кој наместо капиталистичка организација на трудот, претпоставува коопреративен карактер на процесот на трудот и тоа како техничка нужност на самата природа на средства за труд;[52]

— иако работното време е извор и мерило на богатството капиталот со развојот на производните сили и го потстакнува смалувањето на работното време на минимум.

Од тоа што капиталот секоја спомената противречност ја поставува како ограничување кое идеално го надминува, не значи дека границата и реално ја превладува. Неговото производство се движи во противречности кои непрестајно се надминуваат, но исто така, непрестајно и се поставуваат. Затоа „универазлноста кон која капиталот незадржливо се стреми наоѓа во неговата сопствена природа такви граници кои на определен степен на неговиот развиток ќе доведат до спознание дека тој самиот е најголемо ограничување на таа тенденција и дека ќе го присили на самоукинување".[53]

Производните сили на капитализмот се развиват на начин кој во крајна линија е определен со старата структура на односи во производството. Формата на сопственост над средствата за труд ги формира според себе и структурата на „простите елементи на производството воопшто" заради што и производните сили коишто капиталот ги создал во суштина му служат нему. Можностите коишто се создаваат со развитокот на науката, иако таа не е производ независен од трудот и од односите во кои се работи, не можат да се остварат заради основниот однос во општеството, кој, иако се модифицира, останува класен.

Тоа значи квалитативната социјална промена на капиталистичките земји нема да настане со просто созревање на нејзините „материјални предуслови". Преодот, спротивно почнува тогаш кога се појавуваат нови односи на роизводството што во крајна линија значи дека работничката класа стекнува владечка позиција. Тоа понатаму бара парцијално рушење на капиталистичките производни сили; радикален

[51] Истото, стр. 398—399.

[52] Истото, стр. 310.

[53] К. Маркс, „Темељи слободе", стр. 294.

пресврт на општествените потреби, односот спрема употребните вредности и размената; преовладување на слободниот над општественопотребниот труд; промена на културата, накратко подведуање на производниот општествен труд и воопшто општествениот живот под контрола на општеството и исчезнување на класните разлики.

**J. Kepeska, dr. sci.**

## MARX'S ANALYSIS OF THE PRODUCTION FORCES OF THE CAPITAL AND THEIR SOCIAL IMPLICATIONS

Abstract:

The rising of the prodution forces of the capital have been analysed by K Marx and .F Engels from the asepct of capitalsit form of production unity of producuion forces and relations in the production prcess).

The production forces of the capital rise in a way determined by the formerstructure of the production relations. The capital has created the production forces so that they may serve it.

Although science bears some relations to labour and working rela tions, its develo pment creates possibilities which are practically unrealizable because of the basic socil relations which, though modified, remain of class character.

Consequentnly qualitative social change begins at the appearance, of new production ralations, i. e. when working class gains the main positions.

The rising of production forces provokes antagonisms in the production relations wich eventually put capitalism in question:

— Capitalism, though itself based upon drastic antagonistic labour distribution, requires abolition of the laour distribution;

— Although it couses rising of human needs capitalism is based upon private distribution of labour products;

— The production system, based upon automatic principles as it is, requires cooperative character of the working process instead of the capitalistic labour organization;

— Although the working hours are the source and the criterion of wealth, the capital, thorugh the deveulopment of production forces, diminishes the working hours, bringing them to minimum.